**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-186/8**
**Скопје, 25.06. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Карбинци за 2008 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Карбинци за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Борис Гаврилов - Градоначалник на Општина Карбинци во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 18.03. до 03.04.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.



***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Општина Карбинци нема донесено Програма за уредување на градежно земјиште, со која се уредува:
- просторот кој е предмет на уредувањето;
- обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарна инфраструктура;
- изворите за финансирање на Програмата;
- пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
- висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и т.н.

Не донесување на Програма за уредување на градежно земјиште е спротивно на Законот за градежно земјиште и придонесува за непланирани активности во делот на уредувањето на градежното земјиште.

**Препорака:**
На предлог на градоначалникот Советот на општината да донесе Програма за уредување на градежно земјиште на општината.

**10.2. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.2.1. Општина Карбинци во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/123 од 08.02.2000 година донесено од Владата на Република Македонија, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Карбинци, врз основа на спроведен делбен биланс. За овој имот општината има обезбедено имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности, го има искажано како состојба во пописните листи за 2008 година но без утврдена вредност, поради што и не е евидентиран во сметководството.
Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2008 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината

**Препорака:**
Градоначалникот да формира комисија, која согласно Методологијата ќе изврши проценка на вредноста на недвижниот имот добиен на основа решение број 23-257/123 од 08.02.2000 година од Владата на Република Македонија, по што надлежните во сметководството треба да извршат евидентирање на истиот.

10.2.2. Обврската за плати и надоместоци на плати спрема вработените за 2008 година е искажана во помал износ за 217 илјади денари поради не пресметана и не евидентирана обврска за плата за месец декември 2008 година што е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ефект од тоа се нереално искажани состојби на обврските во сметководството и Билансот на состојба на 31.12.2008 година. Бидејќи во текот на 2009 година е пресметана, евидентирана и исплатена обврската за плата за месец декември 2008 година, ревизијата не дава препорака.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.3.1. Од ставката Трансфери до невладини организации исплатени се средства во износ од 300 илјади денари за спортски клубови. Овие исплати се вршени со одлука од градоначалникот. За истите постои Програма за активностите на Општина Карбинци во областа на спорт, млади и поддршка на НВО секторот за 2008 година донесена од Советот но нема акт со утврдени критериуми и постапка за доделување на средства наменети за финансирање на спортски клубови и за одржување на спортски манифестации, што е спротивно на одредбите од Законот за здруженијата на граѓани и фондации.
Отсуството на акт со утврдени критериуми и не објавувањето оглас за доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Советот на Општина Карбинци, доделувањето на средствата на здруженија на граѓани, невладини организации и спортски клубови да ги врши со спроведување на јавен оглас со утврдени приоритети во финансирањето, постапка на доделување, критериуми и потребна документација.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Карбинци под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Органот на Општина Карбинци за 2008 година е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на сегашната вредност на материјалните средства и вредноста на државниот капитал во Билансот на состојбата за 1.659 илјади денари. (145 илјади денари за неевидентирана опрема потопна пумпа и 1.514 илјади денари за повеќе пресметана амортизација).

**Обелоденување**

**Работи за кои се склучени договори, а не се завршени**

Во врска со спроведени постапки за јавни набавки и склучени договори со изведувачите, работите по истите до денот на ревизијата не се завршени, поради немање средства за целосна реализација на истите, а се однесуваат на:

- склучен договор за Изградба на градежно инсталатерски работи за доградба на управна зграда на Општина Карбинци со ГТД „Бетон„ А.Д. Штип на износ од 6.207 илјади денари со ДДВ, по кој се извршени работи во износ од 1.943 илјади денари со ДДВ и

- склучен договор за Реконструкција на културно спортска сала во Таринци со „Бетон„ Кочани на износ од 2.236 илјади денари без ДДВ за кои се извршени работи во износ од 204 илјади денари со ДДВ.

Овие градби не се доворшени, се наоѓаат во фаза на инвестиции во тек и според надлежните во општината тоа е поради недостаток на парични средства. Доворшувањето на истите би следело во нареден период.

Скопје, 18.06.2009 Овластен државен ревизор


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ОРГАН НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 16,816 | 10,343 |
| **Вкупно приходи** | | **16,816** | **10,343** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 4,349 | 3,590 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 54 | 16 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 3,109 | 2,958 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 700 | 350 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 2 | 12 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **8,214** | **6,926** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 8,600 | 3,392 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8,600** | **3,392** |
| **Вкупно расходи** | | **16,814** | **10,318** |
| **Остварен вишок на приходи - за пренос во наредна година** | | **2** | **25** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2 | 26 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1,865 | 6,403 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,867** | **6,429** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 91,712 | 79,227 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 5,333 | 13,525 |
| **Вкупно постојани средства** | | **97,045** | **92,752** |
| **Вкупна актива** | | **98,912** | **99,181** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1,865 | 6,403 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 5,335 | 13,551 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7,200** | **19,954** |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 91,712 | 79,227 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **91,712** | **79,227** |
| **Вкупна пасива** | | **98,912** | **99,181** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ
## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **79,227** | **79,227** |
| **Зголемување по основ на:** | | |
| Набавки | 145 | 145 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 14,050 | 14,050 |
| **Намалување по основ на:** | | |
| Амортизација | 1,710 | 1,710 |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **91,712** | **91,712** |